**20150822730**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 82-г став (4) од Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15 и 44/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗНАЧКА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗНАЧКА НА ОВЛАСТЕНО СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ВО ШУМСКА ПОЛИЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на легитимација и значка и начинот на издавање на легитимација и значка на овластено службено лице во шумска полиција.

Член 2

Легитимацијата на овластено службено лице на шумска полиција се издава на образец со две страни на хамер хартија со окер боја со димензии 6,5 х 10 см, заштитен со пластична фолија.

Предната страна содржи: грб на Република Македонија, натпис „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, министерство за земјоделство шумарство и водостопанство и ЛЕГИТИМАЦИЈА на овластено службено лице на шумска полиција. Во средината има место за фотографија со димензии 3 х 3,5 см., а под неа се впишува името и презимето на овластено службено лице на шумска полиција. Во долниот дел на златно жолта подлога со црвена боја е отпечатен регистарски број на легитимацијата.

Задната страна содржи: дата на раѓање, живеалиште, издадена, крвна група и текст: „Имателот на оваа легитимација е овластен да ги обавува сите дејствија предвидени за шумскиот полицаец со Законот за шумите, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и место за печат.

Член 3

Образецот на легитимацијата е сместен во внатрешната горна страна под проѕирна пластична фолија во дводелна кожна обвивка со цна боја со димензии 22 х 8 см. На внатрешната долна страна од кожната обвивка се наоѓа метална значка, која е во форма на штит со сива боја. Во горниот дел е аплицирано знамето на Република Македонија, а под него со сиви букви стои (прв ред во форма на полукруг) РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, (втор ред во форма на полукруг) ШУМСКА ПОЛИЦИЈА, (трет ред во форма на полукруг) FORESTRY POLICE, под нив во форма на два полукруга има симбол на две гранки и тоа од даб ( лев полукруг) и ела ( десен полукруг), а во средината се аплицирани два желада со два листа од даб.

Формата и содржината на службената легитимација и значка се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Службената легитимација и значката се издаваат за време додека шумскиот полицаец има статус на овластено службено лице во шумска полиција.

Шумскиот полицаец на кој ќе му престане работниот однос ја враќа службената легитимација.

Член 5

Службената легитимација се заменува со нова и во случај на дотраеност, оштетување или промена на личните податоци на имателот.

Службената легитимација што се одзема, враќа или се заменува се поништува.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.09-2332/4 | Министер за земјоделство, |
| 7 мај 2015 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | м-р **Михаил Цветков,** с.р. |

Прилог

предна страна




задна страна




8x22 см.

